**Известување за концентрација со која Кока-кола Хеленик Ботлинг Компани-Србија, Индустрија за безалкохолни пијалаци д.о.о. Белград ќе стекне единствена контрола над Концерн за производство и промет на кондиторски производи Бамби а.д. Пожаревац -Србија (предмет бр. 08-38 од 08.03.2019 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен Весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 08.03.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација со која Кока-кола Хеленик Ботлинг Компани-Србија, Индустрија за безалкохолни пијалаци д.о.о. Белград (Coca-Cola Hellenic Bottling Company-Srbija, Industrija bezalkoholnih pića d.o.o. Beograd), друштво основано во Република Србија, со седиште на Батајнички друм (Batajnički drum) 14-16, 11080 Белград, Србија (во натамошниот текст: ("ЦЦХ Србија") има намера да стекне единствена контрола над Концерн за производство и промет на кондиторски производи Бамби а.д. Пожаревац (Koncern za proizvodnju i promet konditorskih proizvoda Bambi a.d. Požarevac), друштво основано во Република Србија, со седиште на Ѓуре Ѓаковица (Đure Đakovića) 6б, Пожаревац, Србија (во натамошниот текст: ("Бамби а.д.") по пат на купопродажба на акции.

1.Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:
- ЦЦХ Србија е компанија со седиште во Белград, Србија која е активна во индустријата за безалкохолни пијалоци во Србија. Нејзината деловната активност е распределена во три производствени сегменти: (i) ЦЦХ Србија (безалкохолни пијалоци), (ii) Власинка (минерална вода) и (iii) Центар за сокови (сокови и овошни пијалоци).

ЦЦХ Србија е зависно друштво во целосна сопственост на холандското друшво ЦЦ Бевераџес Холдингс II Б.В. (CC Beverages Holdings II B.V.) и неговото крајно владејачко друштво е Кока Кола ХБЦ АГ (Coca Cola HBC AG), со седиште на Turmstrasse 26, 6312 Zug, Швајцарија (во натамошниот текст: „ЦЦХ“).

ЦЦХ и Хајнекен Н.В. (Heineken N.V.) имаат заедничка контрола врз Трговско друштво за пиво, слад, оцет, алкохолни и безалкохолни пијалаци ПИВАРА СКОПЈЕ АД Скопје, со седиште на ул. 808 бр.12, Скопје – Гази Баба, Република Северна Македонија, кое што произведува и продава безалкохолни пијалоци, вода, леден чај и пиво.

-Бамби а.д. е друштво за производство на храна со седиште во Пожаревац, Србија. Еден од неговите главни производи е бисквитот Плазма. Бабми а.д. нема регистрирано зависни друштва во Република Северна Македонија.

За целите на ова Известување, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како пазар за трговија на големо со кондиторски производи, додека релевантниот географски пазар е национален по обем и ја опфаќа територијата на Република Северна Македонија.

2. Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

3. Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

15.03.2019 година
Скопје